РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Воена Академија Скопје-придружна членка-
Примено: 16 -06- 2021
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | -102/1 | | |

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врскачлен 21 став (2) од Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/09 година), министерката за одбрана донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРС ЗА ИЗБОР И ЗАПИШУВАЊЕ НА КАНДИДАТИСО ЗАВРШЕН ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ ЗА ОФИЦЕРИ ЗА СЛУЖБИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за избор и запишување на кандидати со завршен прв циклус на студии за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје (во натамошниот текст: Академијата) за потребите на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

### Член 2

Во Академијата се запишуваат лица со завршен прв циклус на студии за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата.

### Член 3

Запишувањето на лица со завршен прв циклус на студии за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Академијата, по претходна согласност на министерот за одбрана.

## II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕН ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ЗА СТУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ ЗА ОФИЦЕРИ ЗА СЛУЖБИ

### Член 4

Право на учество на јавен конкурс за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата, имаат

кандидати со завршен прв циклус на академски студии (додипломски студии) со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС.

На стручно оспособување и усовршување за офицер за служби, на Академијата може да се запише лице кое ги исполнува условите и критериумите пропишани со Законот за Воената академија, Статутот на Воената академија и овој Правилник.

При избор на кандидатите за стручно оспособување и усовршување се води сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на етничките заедници и развој на родовата перспектива, со почитување на принципот на стручност и компетенции.

**Член 5**

На Академијата на стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата можат да се запишат кандидати кои ги исполнуваат следните општи услови:

-да се државјани на Република Северна Македонија;

-да завршиле прв циклус на академски студии со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС;

-да не се постари од 28 години и

-да се психофизички способни.

Покрај општите услови од ставот 1 на овој член, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

-да не им е изречена мерка на безбедносна забрана за вршење на професија, дејност или должност;

-да ги исполнуваат безбедносните критериуми предвидени со Законот за класифицирани информации, што утврдува надлежен орган во Министерството за одбрана;

- да го положат тестот за физичка способност, согласно Тест-програмата за проверка на физичката способност на лица со завршен прв циклус на студии за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби (Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник);

- да ја поминат проверката на познавање на англиски јазик и

- да ја поминат проверката на интервју.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА КАНДИДАТИСО ЗАВРШЕН ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ ЗА ОФИЦЕРИ ЗА СЛУЖБИ

**Член 6**

Критериумите за запишување на лицата со завршен прв циклус на студии за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата се:

1. Општиот успех на кандидатите постигнат за време на првиот циклус на студии;

2. Да ја поминат проверката за утврдување на психофизичката способност;
3. Успехот постигнат од проверката на физичката способност;
4. Успехот постигнат од проверката на познавање на англиски јазик;
5. Да ја поминат проверката на интервју;

Член 7

Вреднувањето на критериумите се изразува во поени.

Максималниот број на поени што кандидатот може да ги освои по сите критериуми изнесува 100 поени.

Општиот успех на кандидатите постигнат за време на првиот циклус на студии учествува со најмногу 40 поени.

Поради посебните специфичности на Академијата, при запишувањето се врши проверка на физичката способност. Успехот од проверката на физичката способност се вреднува со најмногу 20 поени.

Успехот од испитот по англиски јазик се вреднува со најмногу 20 поени.

Проверката од реализираното интервју се вреднува со најмногу 20 поени.

Член 8

Вреднувањето на успехот од првиот циклус на четиригодишни студии се врши на следниот начин: се собираат сите оценки што се внесени во уверението за положени испити од сите години на студии, добиениот збир се дели со бројот на оценки и вака добиениот среден успех се множи со 4. На ваков начин можат да се добијат најмогу 40 поени.

Вреднувањето на физичката способност на кандидатите е дадено во Тест-програмата за проверка на физичката способност на лица со завршен прв циклус на академски студии за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби (Образец, Прилог број 1, кој е составен дел на овој Правилник).

Вреднувањето на успехот постигнат на тестот за проверка на физичка способност се врши така што постигнатиот број на поени на тестот (најмногу 100 поени) се множи со коефициент 0,2. На ваков начин може да се добијат најмногу 20 поени.

Вреднувањето на успехот постигнат на испитот по англиски јазик се врши така што постигнатиот број на поени на тестот (најмногу 100 поени) се множи со коефициент 0,2. На ваков начин можат да се добијат најмногу 20 поени.

## IV. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕН ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ ЗА ОФИЦЕРИ ЗА СЛУЖБИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО И АРМИЈАТА

Член 9

Јавниот конкурс за запишувањето на кандидатите со завршен прв циклус на студии за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата се објавува во најмалку два дневни

весника, од кои, најмалку во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на веб-страницата на Академијата и на Министерството.

Рокот за пријавување на кандидатите на јавениот конкурс не може да биде пократок од пет дена.

Член 10

Јавниот конкурс содржи:

- име на Академијата и нејзината адреса;
- назив на студиската програма;
- времетраење на стручното оспособување и усовршување;
- општи и посебни услови за запишување;
- број на слободни места за запишување;
- постапки и рокови за пријавување и
- потребни документи.

Член 11

За спроведување на конкурсот од член 3 на овој правилник, деканот на Академијата со решение формира Конкурсна комисија и поткомисија за извршување на технички работи.

Конкурсната комисија е составена од пет члена, од кои три члена именува деканот на Академијата и два члена именува министерот за одбрана.

Поткомисијата за спроведување на технички работи која е составена од најмалку пет члена, врши прием на документите и обработка на податоците.

Проверката за утврдување на психофизичката способност на кандидатите ја спроведува Воено-лекарската комисија формирана од министерот за одбрана.

Проверката за утврдување на физичката способност на кандидатите ја спроведува комисија формирана од министерот за одбрана.

Проверката на познавање на англиски јазик на кандидатите ја спроведува Центарот за странски јазици при Командата за обука и доктрини.

Проверката при интервју ја спроведува Конкурсната комисија.

Член 12

Конкурсната комисија го организира и целосно го следи процесот на избор и селекција на кандидатите за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата.

Конкурсната комисија врши увид и контрола на работата на поткомисијата за извршување на технички работи и соработува со Воено-лекарската комисија, со Второстепена воено-лекарска комисија, комисијата за проверка на физичка способност и Центарот за странски јазици.

Член 13

По техничката обработка на документацијата, Конкурсната комисија ги упатува кандидатите на проверка на психофизичката способност која ја спроведува Воено-лекарска комисија во Воено-медицинскиот центар.

Воено-лекарската комисија доставува известување потпишано од членовите на комисијата, за извршените лекарски прегледи на кандидатите до Конкурсната комисија, во рок од три дена по спроведените прегледи.

Против наодот, оценката и мислењето на Воено-лекарската комисија кандидатот може да поднесе жалба во рок од три дена од денот на известувањето за наодот, оценката и мислењето, до второстепена Воено-лекарска комисија која ја формира Владата на Република Северна Македонија.

Одлуката на комисијата од став (3) на овој член е конечна.

При проверка на психофизичката способност, кандидатите треба да имаат документи за утврдување на идентитетот (лична карта или патна исправа) и здравствена книшка.

**Член 14**

Кандидатите кои поминале на проверката на психофизичката способност се упатуваат на проверка на физичката способност.

Постапката за проверка на физичката способност се изведува согласно Тест-програмата дадена во Прилог 1 од овој Правилник.

Проверката на физичката способност има елиминаторен карактер и во понатамошната постапка нема да се рангираат кандидатите што не ги задоволиле предвидените норми, односно кои не освоиле минимум 10 поени од можни 20 поени за секоја дисциплина поединечно.

При проверката на физичката способност, кандидатите треба да имаат документи за утврдување на идентитетот (лична карта или патна исправа).

**Член 15**

Проверката на познавање на англиски јазик се спроведува со полагање соодветен тест во Центарот за странски јазици при Командата за обука и доктрини на Армијата.

**Член 16**

Проверката со интервју ја спроведува Конкурсната комисија преку водење на разговор со секој од кандидатите поединечно.

**Рангирање на кандидатите**

**Член 17**

Вкупниот број поени, врз основа на кои се врши рангирање на кандидатите, се добива со собирање на поените од општиот успех на кандидатите постигнат за време на првиот циклус на академски студии,од проверката на физичката способност, од проверката на познавање на англиски јазик и од проверката со интервју.

Член 18

Рангирањето на кандидатите го врши Конкурсната комисија.

Услов за рангирање и избор на кандидатите за стручно оспособување и усовршување се освоени минимум 60 поени добиени по сите основи, од можни 100 поени.

Член 19

Во рок од 24 часа по реализацијата на сите проверки, Конкурсната комисија изготвува и објавува на огласна табла и на веб-страницата на Академијата прелиминарна ранг-листа на добиените резултати на кандидатите со завршен прв циклус на студии за запишување на стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Академијата, за секоја служба.

Во ранг-листата од ставот 1 на овој член, за секој кандидат се истакнуваат: бројот на поени од општиот успех на кандидатите постигнат за време на првиот циклус на академски студии, бројот на поени од проверката на физичката подготвеност, бројот на поени од проверката на познавање на англиски јазик, бројот на поени од реализирано интервју и вкупниот број на поени.

На прелиминарната ранг-листа, кандидатот има право на приговор до Деканатската управа на Академијата преку Конкурсната комисија, во рок од 24 часа од нејзиното објавување.

Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла и на веб-страницата на Академијата, во рок од 24 часа од истекувањето на рокот за поднесување на приговори.

Одлуката на Управата на Академијата по приговорот е конечна.

Доколку нема поднесени приговори во предвидениот рок, прелиминарната ранг-листа станува конечна ранг-листа.

Член 20

По објавување на конечната ранг-листа, Наставно-научниот совет на Академијата утврдува и доставува мислење со предлог до министерот за одбрана. Министерот за одбрана донесува решение за прием на кандидати за запишување за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата.

Решението од став 1 на овој член, се истакнува на огласната табла на Академијата и на веб-страницата на Академијата и на Министерството.

Посебните права и обврски на лицата кои се запишуваат на стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата, се уредуваат со договор во согласност со Законот за Воената академија и Статутот на Академијата.

Член 21

Кандидатите кои се запишуваат на стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата, се стекнуваат со статус на слушател.

Член 22

По завршување на стручното оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Министерството и Армијата, лицето со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС на академските студии се произведува во чин поручник, во соодветната служба.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-4134/1
16-06-2021 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска-Јанковска

Прилог 1

# ТЕСТ – ПРОГРАМА

**за проверка на физичката способност на лица со завршен прв циклус на студии за стручно оспособување и усовршување за офицери за служби за потребите на Армијата и Министерството за одбрана**

Воена академија-Скопје, мај, 2021

## 1. Потребна опрема при проверката на физичката способност

Кандидатите за проверката на физичката способност задолжително треба да се облечени во спортска опрема (патики, спортски гаќи, маица или тренерки).

## 2. Дисциплини за проверката

### 2.1 Скок во далечина од место со двоножен одраз (мажи и жени)

Кандидатот застанува со паралелно поставени стапала пред линијата за одраз, линијата да не се гази.

Скокот се изведува на следниот начин: Кандидатот прави замав со двете раце, се одразува истовремено со двете нозе и изведува скок во далечина од место. Доскокот е на двете стапала и кандидатот застанува во место. Должината на скокот се мери од линијата на одразот до местото на последниот допир од било кој цел од телото при доскокот. Постигнатиот резултат се мери во сантиметри.

### 2.2 Дисциплини на вратило

#### 2.2.1 Згиб на вратило (мажи)

Кандидатот застанува под вратилото, со потскокнување се фаќа за вратилото во надфат (прсти одозгора) со испружени раце. Телото се подига до положба со брада над шипка и се спушта во првобитна положба. При подигањето не е дозволено: одмор помеѓу згибовите, нишање, клоцање со нозе и нерамномерно влечење со раце. Згибот се изведува со максимален број на повторувања според можностите на кандидатот и се брои секој правилно изведен згиб.

#### 2.2.2 Издржај во згиб на вратило (жени):

Телото се подига до положба со брада над шипка (самостојни или со помош). По завземената положба, кандидатот ја задржува положбата со брада над шипка што подолго време. Времето на издржај се мери во секунди и започнува да тече од завземената положба на правилен згиб.

### 2.3 Стомачни подигања (мажи и жени)

Кандидатот е во легната положба на грб, рацете свиткани во лакатниот зглоб, поставени зад тилниот дел од главата. Нозете свиткани во коленскиот зглоб. Асистентот ги подпира стапалата со притискање на скочниот зглоб. Од легната положба на грб на команда ,,старт,, кандидатот се подига до вертикална положба и се враќа во првобитна положба. Одмор може да се применува само во подигната (седната положба) положба на горниот дел од телото без потпирање на коленскиот зглоб. Време за изведување на овој тест е две минути. Се вреднува бројот на репетициите - подигањата на горниот дел од телото.

### 2.4 Трчање

#### 2.4.1 Трчање на 1600 метри (мажи)

Кандидатот трча на кружна атлетска патека (околу фудбалско игралиште или посебно подготвена патека), со должина од 1600 метри. Времето се мери во минути и секунди.

**2.4.2 Трчање на 800 метри (жени):**

Кандидатот трча на кружна атлетска патека (околу фудбалско игралиште или посебно подготвена патека), со должина од 800 метри. Времето се мери во минути и секунди.

## 3. Редослед на изведувањето на проверката на физичката способност

Проверка на физичката способност ќе се реализира во еден ден.

Редоследот на дисциплините што се проверуваат е следен: скок во далечина од место, згиб на вратило (издржај во згиб), стомачни подигања и трчање на 1600 (800) метри.

## 4. Појаснување за начинот на добивање вкупен број поени според постигнатите резултати:

Секоја дисциплина се вреднува поединечно, според постигнатите резултати (дадени во Табела бр.1). Збирот на добиените поени од четирите дисциплини се дели со коефициент 2 (два) и притоа крајниот резултат ќе биде заокружен со точност до две децимали. Вака се добиваат поените со кои се врши рангирање на проверката на компетенциите. Притоа можат да се добијат најмногу 20 поени.

Кандидатот за да биде рангиран потребно е да ги исполнат минималните норми за секоја дисциплина поединечно дадени во Табела бр.1, што значи дека треба да се постигнат следните минимални резултати: скок во далечина од место 170 см за мажи односно 110 cm за жени, згиба на вратило 3 репетиции за мажи и 3 секунди издржај за жени, стомачни подигања 25 за мажи и жени и трчање на 1600 метри 8,00 минути за мажи и трчање на 800 метри 6.00 минути за жени, односно да има освоено минимум 5 поени од секоја дисциплина поединечно.

## 5. Норми за вреднување на постигнатите резултати на кандидатите

Нормите што теба да се исполнат се дадени во Табела бр.1.

**Табела бр.1**

| Поени | Скок во дал. од место | | Згиб на вратило | | Стомачни подигања | | Трчање на | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М 1600 m | Ж 800 м |
| | сантиметри | | репет. | изд.сек. | подигања | | минути | |
| 10 | 260 | 190 | 16 | 20 | 60 | 60 | 6,20 | 4,20 |
| 9.9 | | | | | | | 6,22 | 4,22 |
| 9.8 | | | | | | | 6,24 | 4,24 |
| 9.7 | 255 | 185 | 15 | 19 | 59 | 59 | 6,26 | 4,26 |
| 9.6 | | | | | | | 6,28 | 4,28 |
| 9.5 | | | | | | | 6,30 | 4,30 |
| 9.4 | 250 | 180 | | 18 | 58 | 58 | 6,32 | 4,32 |
| 9.3 | | | 14 | | | | 6,34 | 4,34 |
| 9.2 | | | | | | | 6,36 | 4,36 |
| 9.1 | 245 | 175 | | 17 | 57 | 57 | 6,38 | 4,38 |
| 9 | | | | | | | 6,40 | 4,40 |
| 8.9 | | | 13 | 16 | 56 | 56 | 6,42 | 4,42 |
| 8.8 | 240 | 170 | | | | | 6,44 | 4,44 |
| 8.7 | | | | | 55 | 55 | 6,46 | 4,46 |
| 8.6 | | | | 15 | | | 6,48 | 4,48 |
| 8.5 | 235 | 165 | 12 | | 54 | 54 | 6,50 | 4,50 |
| 8.4 | | | | | | | 6,52 | 4,52 |
| 8.3 | | | | 14 | 53 | 53 | 6,54 | 4,54 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.2 | 230 | 160 | | | | | 6,56 | 4.56 |
| 8.1 | | | 11 | | 52 | 52 | 6,58 | 4,58 |
| 8 | | | | 13 | | | 7,00 | 5,00 |
| 7.9 | 225 | 155 | | | 51 | 51 | 7,02 | 5,02 |
| 7.8 | | | | | | | 7,04 | 5,04 |
| 7.7 | | | 10 | 12 | | | 7,06 | 5,06 |
| 7.6 | 220 | 150 | | | 50 | 50 | 7,08 | 5,08 |
| 7.5 | | | | | | | 7,10 | 5,10 |
| 7.4 | | | | 11 | 49 | 49 | 7,12 | 5,12 |
| 7.3 | 215 | 145 | 9 | | 48 | 48 | 7,14 | 5,14 |
| 7.2 | | | | | 47 | 47 | 7,16 | 5,16 |
| 7.1 | | | | 10 | 46 | 46 | 7,18 | 5,18 |
| 7 | 210 | 140 | | | 45 | 45 | 7,20 | 5,20 |
| 6.9 | | | 8 | | 44 | 44 | 7,22 | 5,22 |
| 6.8 | | | | 9 | 43 | 43 | 7,24 | 5,24 |
| 6.7 | 205 | 135 | | | 42 | 42 | 7,26 | 5,26 |
| 6.6 | | | | | 41 | 41 | 7,28 | 5,28 |
| 6.5 | | | 7 | 8 | 40 | 40 | 7,30 | 5,30 |
| 6.4 | 200 | 130 | | | 39 | 39 | 7,32 | 5,32 |
| 6.3 | | | | | 38 | 38 | 7,34 | 5,34 |
| 6.2 | 195 | 125 | | 7 | 37 | 37 | 7,36 | 5,36 |
| 6.1 | | | 6 | | 36 | 36 | 7,38 | 5,38 |
| 6 | 190 | 120 | | | 35 | 35 | 7,40 | 5,40 |
| 5.9 | | | | 6 | 34 | 34 | 7,42 | 5,42 |
| 5.8 | 185 | 125 | | | 33 | 33 | 7,44 | 5,44 |
| 5.7 | | | 5 | | 32 | 32 | 7,46 | 5,46 |
| 5.6 | 180 | 120 | | 5 | 31 | 31 | 7,48 | 5,48 |
| 5.5 | | | | | 30 | 30 | 7,50 | 5,50 |
| 5.4 | | | | | 29 | 29 | 7,52 | 5,52 |
| 5.3 | 175 | 115 | 4 | 4 | 28 | 28 | 7,54 | 5,54 |
| 5.2 | | | | | 27 | 27 | 7,56 | 5,56 |
| 5.1 | | | | | 26 | 26 | 7,58 | 5,58 |
| 5 | 170 | 110 | 3 | 3 | 25 | 25 | 8,00 | 6,00 |
| 4.9 | | | | | 24 | 24 | 8,02 | 6,02 |
| 4.8 | | | | | 23 | 23 | 8,04 | 6,04 |
| 4.7 | 165 | 105 | 2 | 2 | 22 | 22 | 8,06 | 6,06 |
| 4.6 | | | | | 21 | 21 | 8,08 | 6,08 |
| 4.5 | | | | | 20 | 20 | 8,10 | 6,10 |
| 4.4 | 160 | 100 | 1 | 1 | 19 | 19 | 8,12 | 6,12 |
| 4.3 | | | | | 18 | 18 | 8,14 | 6,14 |
| 4.2 | | | | | 17 | 17 | 8,16 | 6,16 |
| 4.1 | | | | | 16 | 16 | 8,18 | 6,18 |
| 4 | | | | | 15 | 15 | 8,20 | 6,20 |